# Меморандум за формирање на
# Координативно тело
# за следење на конзистентноста и подобрување на легислативата

Склучен во Скопје, на 2 март 2020 година, помеѓу

**Врховен суд на Република Северна Македонија,** претставуван од ВД претседателот судија Фаик Арслани,
**Виш управен суд,** претставуван од претседателот судија Исмета Амет,
**Апелационен суд Битола,** претставуван од ВД претседателот судија Љиљана Чочковска,
**Апелационен суд Гостивар,** претставуван од претседателот судија Шефајет Хајдари,
**Апелационен суд Скопје,** претставуван од претседателот судија Лидија Димчевска,
и
**Апелационен суд Штип,** претставуван од претседателот судија Наке Георгиев.

*Цел на меморандумот*

**Член 1**

Целта на овој Меморандум е формирање на Координативно тело за следење на конзистентноста и подобрување на легислативата од страна на високите судови во функција на изнаоѓање решенија за поефикасна и ефективна легислатива и воедначување на примената на законите.

*Области на делување*

**Член 2**

Страните ќе соработуваат во областите на нивното делување и надлежности, а особено преку следните цели и задачи:

- формирање на координативно тело за следење и подобрување на легислативата;
- воспоставување и одржување на редовна комуникација;
- идентификување на проблеми во однос на применливоста и неовоедначеноста на одредени законски одредби, нивната примена и анализирање на легислативата преку релевантната национална судска пракса и праксата на Европскиот суд за човекови права;
- подготовка и предлагање нормативни решенија за проблемите со неприменливите законски норми преку судската пракса на високите судови;
- следење на конзистентноста на правните решенија;
- координирање на активностите и заложбите на членовите на телото за креирање на конзистентна, ефикасна и применлива легислатива.

*Начин на соработка*

**Член 3**

Соработката помеѓу високите судови ќе се остварува врз основа на координација помеѓу членовите на Координативното тело. Потписниците на овој меморандум дополнително ќе го уредат начинот на соработка во Деловникот за работата на Координативното тело за следење и подобрување на легислативата.

*Поддршка*

**Член 4**

Потпишувањето на Меморандумот за соработка и активностите поврзани со реализација на неговите цели ќе бидат поддржани од програмата „Подобрување на транспарентноста, правната сигурност и ефикасноста на судството во Северна Македонија“ која е имплементирана од Центарот за правни истражувања и анализи и е финансирана од Британската амбасада Скопје.

*Важност на меморандумот*

**Член 5**

Овој Меморандум ќе стапи на сила со денот на неговото потпишување од страна на шесте страни потписници.

**Член 6**

Секоја страна потписник може со писмено известување еднострано да го раскине Меморандумот за соработка.

*Општи и завршни одредби*

**Член 7**

Можните измени и дополнувања настанати по склучување на овој Меморандум, потписниците на овој Меморандум ќе ги дополнуваат спогодбено, со анекси кон овој Меморандум. Секоја промена ќе биде направена во писмена форма.

**Член 8**

Каков било спор што може да се појави во врска со толкувањето или примената на овој Меморандум ќе се разреши преку консултации меѓу потписниците на овој Меморандум.

**Член 9**

Сите разлики кои може да настанат помеѓу потписниците на Меморандумот за соработка, како и од евентуални анекси од истиот, ќе се решаваат во духот на пријателски преговори помеѓу страните.

**Член 10**

Меморандумот за соработка е составен во 12 (дванаесет) еднообразни примероци, од кои по 2 (два) за секоја страна потписник.

Фаик Арслани,
В.Д. Претседател
Врховен суд на Република
Северна Македонија

Шефајет Хајдари,
Претседател
Апелационен суд Гостивар

Исмета Амет,
Претседател
Виш управен суд на Република
Северна Македонија

Лидија Димчевска,
Претседател
Апелационен суд Скопје

Љиљана Чочковска,
ВД Претседател
Апелационен суд Битола

Наке Георгиев,
Претседател
Апелационен суд Штип